© iStockphoto/Photodjo



Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA) ве поканува да се пријавите за **15-тите по ред Награди за добри практики за безбедност и здравје при работа**.Како дел од кампањата 2020-22, Здрави работни места Олеснете го товарот, натпреварот има за цел да се препознаат организациите, чијшто придонес за безбедноста преку спречување на мускулно-скелетните нарушувања на работните места, е извонреден и иновативен.

**Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA)** допринесува за тоа Европа да биде побезбедно, поздраво и попродуктивно место за работа. Основана од Европската Унија во 1994 и базирана во Билбао, Шпанија, Агенцијата истражува, развива и дистрибуира релијабилни, балансирани и објективни информации поврзани со безбедноста и здравјето, работи со мрежа од организации ширум Европа со цел да се подобрат работните услови.

EU-OSHA исто така ги води **Кампањите за здрави работни места**, поддржани од страна на институциите на ЕУ и европските социјални партнери, а координирани на национално ниво од страна на мрежата од фокусни точки на Агенцијата. Кампањата 2020-22 **, Здрави работни места - Олеснете го товарот**, има за цел подигање на свеста за МСН поврзани со работата и за потребата тие да се управуваат ризиците од нив, како и да се промовира култура на превенција на ризиците.

**Европска агенција за безбедност и здравје при работата работа**
C/Santiago de Compostela 12

48003 Bilbao, SPAIN
Email: *information@osha.europa.eu*

*www.healthy-workplaces.eu*

© Европска агенција за безбедност и здравје при работа, 2020
Репродукцијата е дозволена доколку се наведе изворот.
За репродукција или употреба на било која слика со права кои не се на EU-OSHA, мора да се побара дозвола од сопственикот на правата. Сликите кои се користат во овој извештај илустрираат спектар на работни активности. На нив не се прикажани добри практики или усогласеност со законските услови.



Print: ISBN 978-92-9479-378-2, doi:10.2802/779634, TE-02-20-135-MK-C • PDF: ISBN 978-92-9479-379-9, doi:10.2802/084217, TE-02-20-135-MK-N

0Безбедноста и здравјето при работа се грижа на сите. Добро е за вас. Добро е за бизнисот.

## Здрави работни места
# Олеснете го товарот



#EUhealthyworkplaces www.healthy-workplaces.eu

# Награда за добри практики за здрави работни места

## Повик за номинации

Европска Агенција за Безбедност и Здравје при Работа

Здрави работни места

# Управување со мускулно-скелетните нарушувања поврзани со работата

Мускулно-скелетените нарушувања (МСН) се најраспространетиот здравствен проблем поврзан со работата во Европа и се помеѓу најчестите причини за инвалидитет, отсуства од работа и предвремено пензионирање. Како резултат на ова, тие не само што го намалуваат квалитетот на животот на работниците, туку се исто така и погубни за бизнисите и националните економии. Затоа овој проблем мора да се решава со цел да се подобри здравјето и благосостојата на работниците, компаниите да станат поконкурентни, како и со цел да се олесни товарот кој паѓа врз државните здравствени системи.

Оваа кампања ја подига свеста за МСН поврзани со работата, како и важноста на работодавците, менаџерите и вработените да работат заедно со цел да ги спречат и да управуваат со истите. Кампањата цели кон тоа да им помогне на компаниите да се справат со МСН на системски начин преку давање практични совети и насоки, но и преку примери за добри практики и студии на случај, паралелно со други информативни материјали и ресурси.

Кампањата за здрави работни места 2020-22 ги има следните цели:

1. да ја подигне свеста за важноста и релевантноста на превенцијата на МСН поврзани со работата преку обезбедување на факти и бројки за изложеноста и влијанието на МСН;
2. да ја промовира проценката на ризикот и проактивното управување со МСН преку обезбедување пристап до ресурсите за МСН, како што се алатки, насоки и аудио-визулени материјали;
3. да покаже дека МСН се проблем кој се однесува на секој и на сите работни места од најразлични сектори и може успешно да се реши, меѓу другото и преку примери на добри практики;
4. да се унапреди знаењето за новите и следни ризици и други појави поврзани со МСН;
5. да се зголеми свеста за важноста од реинтегрирање и задржување на работниците со хронични МСН и за тоа како истово да се спроведе во пракса;
6. да се мобилизира и стимулира ефикасна соработка помеѓу различните страни преку нивно здружување и овозможување на размена на информации, знаење и добри практики.

Повеќе информации за кампањата можат да се најдат на ***www.healthy-workplaces.eu***

*Мускулно-скелетните нарушувања се најшироко распространет здравствен проблем поврзан со работата во Европа.*



© iStockphoto/kadmy

# Награди за добри практики за здрави работни места

Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA), заедно со земјите членки, организира **Награди за добри практики за здрави работни места** паралелно со Кампањата за здрави работни места. Наградите помагаат да се демонстрираат бенефитите од безбедноста и здравјето на работното место и служат како **платформа за споделување и промовирање на добрите практики ширум Европа**.

Конкретната цел на Наградите за добри практики за здрави работни места 2020-22 е да се нагласат водечките примери и организации кои **активно ги превенираат и управуваат со МСН на работните места**. EU-OSHA бара примери кои демонстрираат холистички пристап во управувањето со безбедноста и здравјето при работа (БЗР)**, што подразбира посветеност и на работодавците и на вработените заеднички да работат на превенцијата на МСН.**

Комисијата за оценување исто така ќе бара интервенции кои се воедно и **одржливи и преносливи**.

EU-OSHA ги повикува на учество сите заинтересирани организации и поединци ширум Европа, но исто така и посредниците како што се социјалните партнери, практичари и професионалци во областа на безбедноста и здравјето, но и советници за БЗР на ниво на работни места.

Во април 2022, победниците ќе бидат објавени и истите ќе ги добијат наградите на церемонијата која ќе се одржи подоцна истата година. Исто така ќе им се даде признание за постигнувања на сите организации кои ќе учествуваат. Детали од сите наградени и пофалени учесници ќе се промовираат ширум Европа и ќе се објават на вебстраницата на EU-OSHA.



© iStockphoto/andresr

# Кои видови добри практики можат да се пријават?

Било какви **примери од реалниот живот на иновативни и ефикасни пристапи во управувањето со БЗР, со цел превенција на МСН** можат да се пријават. Пријавите треба јасно **да опишат како добрите практики за управување се имплемнтирани на работното место и што се постигнало преку тоа**, вклучувајќи ги и аспектите како што се:

- како проценката на ризикот била организирана на сеопфатен и ефикасен начин, опфаќајќи ги сите релевантни ризици за сите групи на работници;
- начинот на кој се следела хиерархијата на превенцијата;
- како ризиците поврзани со МСН биле елиминирани преку проектантски решенија („ергономски дизајн");особено се поттикнуваат да се пријават примери на дизајн на работно место, дизајн на работната опрема, на процесите, итн.;
- на кој начин се подигнала свеста и се поттикнувала културата на превенција;
- на кој начин биле имплементирани мерките за поддршка, како што се подобрувањата/адаптациите на работните места, биле имплементирани за да му се обезбеди на работникот кој веќе страда од МСН да може да продожи да работи или да се врати на работа.МСН може и не мора да бидат поврзани со работата.

*Справувањето со МСН ќе доведе до подобро здравје и благосостојба на работникот, ќе ги направи компаниите поконкурентни и ќе го намали товарот врз јавните здравствени системи.*

# Кои видови добри практики можат да се пријават?

Трочленаta комисија за оценување ќе разгледува дали постојат докази за:

- холистички пристап за безбедноста и здравјето при работа;
- вистински и видливи подобрувања на безбедноста и здравјето поврзано со МСН при работа;
- давањето предност и приоритет на колективните мерки во однос на интервенциите кои се фокусираат на поединецот;
- ефективно учество и инволвирање на работниците и нивните претставници;
- оддржливост на интервенцијата на подолг период;
- можност за трансфер на други работни места (во други земји членки, во различни сектори и од различни величини);
- правовременост (интервенцијата треба да биде или нова или не широко позната).

Дополнително, интервенцијата треба да ги задоволи и, во идеален случај, да ги надмине моментално релевантните законски пропишани барања во земјата-членка каде истата е имплементирана. Продуктите, алатките и услугите создадени за комерцијални цели нема да се земаат предвид во конкурсот.

Посетете ја вебстраницата – ***https://healthy-workplaces.eu/en/get-involved/good-practice-awards*** – примери на добри практики кои биле наградени во претходните години.

*МСН претставуваат проблем за секого и за сите типови на работни места во рамките на сите сектори и со истите можеме успешно да се справиме.*

© iStockphoto/Jean-philippe WALLET



# Кој може да учествува?

Пријавите за добри практики можат да се поднесат од страна на сите активни организации од земји членки на ЕУ, од земјите кандидатки и потенцијалните земји кандидатки, како и од членките на Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), вбројувајќи ги и:

- индивидуалните претпријатија или организации од сите големини;
- провајдерите на обуки и членови на образовната заедница;
- организациите на работодавци, трговските асоцијации, синдикатите и невладините организации;
- регионалните или локални служби за превенција во областа на БЗР, осигурителните компании и други посреднички организации.

# Како може да се учествува?

Сите пријави првин ќе се оценуваат на државно ниво од страна на мрежата од фокусни точки на EU-OSHA. Победниците на државно ниво потоа ќе учествуваат на пан-европски натпревар, после кој ќе се селектираат севкупните победници.

Партнер на мрежата во вашата земја може да ви помогне со деталите за тоа како да учествувате во натпреварот. Посетете ја ***https://healthy-workplaces.eu/en/get-involved/good-practice-awards*** за да дознаете како да стапите во контакт со вашите национални фоксуни точки (focal points) и да ги проверите роковите.

*Следете ја кампањата на социјалните медиуми: #EUhealthyworkplaces*